# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ГАРАНЦИИ ПО КОРИСТЕНИ КРЕДИТИ ОД ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА

**Сл. Весник на Р.Македонија бр. 36/97 од 25.07.1997 година**

**Член 1**

Во Законот за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка ("Службен весник на Република Македонија" број 43/95), членот 2 се менува и гласи:
"Обврските по кредитите од член 1 став 1 на овој закон ги отплатува Република Македонија.
Отплатата на обврските од став 1 на овој член во име и за сметка на Република Македонија ја врши Стопанска банка АД - Скопје од средствата на Република Македонија. На денарската противвредност на отплатениот ануитет Стопанска банка АД - Скопје пресметува и од Буџетот на Република Македонија наплатува провизија од 0,2%.
Наплатата на провизијата од став 2 на овој член се врши преку Агенцијата на Република Македонија за санација на банка (во натамошниот текст: Агенција)".

**Член 2**

По членот 2 се додаваат два нови члена 2-а и 2-б кои гласат:

**Член 2-а**

Крајните корисници се должни обврските по кредитите од член 1 став 1 на овој закон да ги намируваат во роковите на пристигнување и согласно со условите договорени со Европската иивестициона банка.
Наплата на побарувањата од крајните корисници во име и за сметка на Република Македонија врши Агенцијата.
По исклучок од став 1 на овој член, при наплатата на побарувањата Агенцијата ги применува "Условите и процедурите за управување со побарувањата пренесени на Агенцијата на Република Македонија за санација на банка".

**Член 2-б**

Наплатата на пристигнатите а неплатени побарувања до денот на влегувањето во сила на овој закон, вклучувајќи ги и обврските по член 6 од Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби ("Службен венсик на Република Македонија" број 2/95 и 65/95), врши Агенцијата согласно со "Условите и процедурите за управување со побарувањата пренесени на Агенцијата на Република Македонија за санација на банка".

Агенцијата и крајните корисници склучуваат договор за регулирање на меѓусебните односи што произлегуваат од став 1 на овој член”.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.